**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Информација
# за промените во платниот биланс, меѓународната инвестициска позиција и надворешниот долг
# кои произлегуваат од примената на новите меѓународни статистички стандарди

јуни 2014 година

# I. Примена на новите меѓународни стандарди за екстерните статистики во Република Македонија

Од јуни 2014 година, Народната банка на Република Македонија ќе започне да ги објавува податоците од екстерните статистики (платен биланс, меѓународна инвестициска позиција  и бруто надворешен долг и надворешни побарувања) изготвени според новите меѓународни стандарди, дефинирани во „Прирачникот за платен биланс и меѓународна инвестициска позиција" (БПМ6).

## 1. Општо за новите меѓународни стандарди за статистиката на платниот биланс и меѓународната инвестициска позиција

Промените во меѓународното економско и финансиско окружување во изминатите две децении, финансиските и технолошките иновации, како и поголемата мобилност на капиталот, ја наметнаа потребата од издавање на нов прирачник за платен биланс во кој на адекватен начин ќе се прикажат современите економски текови (Прирачникот за платен биланс, БПМ5, е издаден во 1993 година). Новите меѓународни статистички стандарди произлегуваат од Прирачникот за платниот биланс и меѓународната инвестициска позиција, шесто издание (БПМ6)[1], издаден од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) во 2009 година и Прирачникот за надворешен долг, издаден од Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) во 2013 година[2]. Прирачникот за платниот биланс дефинира стандардна рамка за евидентирање на трансакции (во платниот биланс - ПБ) и состојби (во меѓународната инвестициска позиција - МИП) помеѓу една економија и остатокот од светот, преку поставување на концепти, дефиниции, класификации и конвенции за статистиките на ПБ и МИП. Во БПМ6 исто така е објаснета и примената на ПБ и МИП како меѓународни сметки на економијата. Во Додатокот 8 од Прирачникот се образложени и најновите методолошки промени во статистиките на ПБ и МИП. Прирачникот за надворешен долг дефинира стандардна рамка за евидентирање на трансакции и состојби по основ на должнички инструменти, помеѓу една економија и остатокот од светот, преку поставување на концепти, дефиниции, класификации и конвенции за статистиката на надворешниот долг (НД).

Како стандардна рамка, БПМ6 има за цел да обезбеди меѓународна споредливост на податоците, преку примена на меѓународно прифатените стандарди ширум светот. Воедно, целта е да се обезбеди конзистентност на различните макроекономски статистики на национално ниво. Овде пред сè се мисли на усогласеноста на БПМ6 со Системот на национални сметки (СНА 2008)[3], Европскиот систем на национални и регионални сметки (ЕСА 2010)[4], како и со Дефиницијата на странските директни инвестиции (БД4)[5] на

[1] Balance of Payments and International Investment Position Manual, 6th Edition, IMF, 2009 (http://www.imf.org/external/pubs/ft/bop/2007/bopman6.htm)
[2] External Debt Statistics: Guide for Compilers and Users, IMF, 2013 (http://www.tffs.org/edsguide.htm)
[3] System of National Accounts 2008, European Commission, International Monetary Fund, Organisation for Economic Co-operation and Development, United Nations, World Bank, 2009 (https://unstats.un.org/unsd/nationalaccount/sna2008.asp )
[4] European system of accounts – ESA 2010, Eurostat, 2013 (http://epp.eurostat.ec.europa.eu/portal/page/portal/product_details/publication?p_product_code=KS-02-13-269)
[5] Benchmark Definition of Foreign Direct Investment, 4th Edition, OECD, 2008 (http://www.oecd.org/fr/daf/inv/statistiquesetanalysesdelinvestissement/fdibenchmarkdefinition.htm )

Организацијата за Економска Соработка и Развој (ОЕЦД), кои се ревидираа истовремено.

Примената на новите меѓународни статистички стандарди претставува голем предизвик за креаторите на статистичките податоци, имајќи предвид дека се потребни прилагодувања во сите фази од статистичките процеси, од фазата на прибирање податоци, нивното составување, па сè до дисеминацијата на статистиките. Од тие причини, на целосната примена на барањата на БПМ6 треба да се гледа како на долготраен постепен процес, кој во различни земји ќе се одвива со различно темпо.

Иако ММФ официјално го усвои новиот БПМ6 формат во август 2012 година, во рамки на Европската унија беше договорено преминот кон БПМ6 да се реализира во текот на 2014 година. Република Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, го планира воведувањето на БПМ6 во истата временска рамка како и земјите членки на ЕУ.

Народната банка на Република Македонија, како овластен носител на екстерните статистики, при дисеминацијата на податоците ќе користи нови стандардни извештаи, во кои одделните категории ќе бидат со изменета содржина и структура. Заради обезбедување на споредливи временски серии на податоци, се планира основните сетови на податоци за екстерните статистики да се објават со што е можна подолга временска серија, согласно карактеристиките на изворите на податоци и нивната расположливост.

## 2. Промени во начинот на презентација

Најзначајните промени во начинот на презентација на трансакциите и состојбите во ПБ и МИП се однесуваат на странските директни инвестиции (СДИ), кадешто, наместо досегашниот "принцип на насока" на инвестицијата, ќе се применува прикажување на бруто основа, како "средства и обврски". Значајна промена е и преименувањето на компонентите "доход" и "тековни трансфери" во тековната сметка, во „примарен доход" и „секундарен доход"соодветно, во насока на постигнување конзистентност со системот на националните сметки.

Значајна промена е направена и во конвенцијата за употребата на знаците, повторно во насока на усогласување со системот на националните сметки. Така, сега и во тековната и во капиталната сметка на ПБ, „кредит" и „дебит" ставките[6] се прикажуваат со позитивен знак, додека според БПМ5 „дебит" ставките се прикажуваа со негативен знак. Во финансиската сметка пак, повеќе нема да се применува негативен знак за прикажување на раст на средствата и позитивен знак за намалување на средствата, како што беше досега во БПМ5. Согласно БПМ6, позитивниот предзнак и кај средствата и кај обврските означува нивно зголемување, а негативниот предзнак нивно намалување. Кај МИП нема да има промена на употребата на знаците.

[6] Кредит" се однесува на прилив/извоз; „Дебит" се однесува на одлив/увоз.

Табела бр. 1 Конвенција за употреба на знаци

| | БПМ5 | БПМ6 |
|---|---|---|
| *Тековна и капитална сметка* | | |
| Кредит (Извоз / Прилив) | + | + |
| Дебит (Увоз / Одлив) | - | + |
| Нето | (Кредит + Дебит) | (Кредит - Дебит) |
| | | |
| *Финансиска сметка* | | |
| *Средства* | | |
| Зголемување | - | + |
| Намалување | + | - |
| Нето | (Зголемување + Намалување) | (Зголемување + Намалување) |
| *Обврски* | | |
| Зголемување | + | + |
| Намалување | - | - |
| Нето | (Зголемување + Намалување) | (Зголемување + Намалување) |

Во финансиската сметка за кредит и дебит ставките, ќе се користат нови термини - "нето стекнување на средства" и "нето создавање на обврски". Исто така, генерално се усвојуваат класификацијата на финансиските инструменти и институционалните сектори, како и номенклатурите воспоставени со СНА 2008. Промените на одредени термини се прикажани во Табела број 2.

Табела бр. 2 Терминолошки промени *

| БПМ5 | БПМ6 |
|---|---|
| *Тековна сметка* | |
| Услуги | |
| Патенти и лиценци | Надомест за користење на интелектуална сопственост |
| Доход | Примарен доход |
| Тековни трансфери | Секундарен доход |
| Дознаки од вработени | Лични трансфери |
| *Финансиска сметка* | |
| Обврзници и записи | Долгорочни должнички хартии од вредност |
| Инструменти на пазарот на пари | Краткорочни должнички хартии од вредност |
| Финансиски деривати | Финансиски деривати (освен резерви) и опции на вработените за купување акции |
| Трговски кредити | Трговски кредити и аванси |
| Реинвестирана добивка | Реинвестирање на добивка |

* Кај сите ставки опфатот не е променет со исклучок на "личните трансфери" којашто има поширок опфат од поранешната ставка "дознаки од вработени". Подетално за промените во опфатот на оваа ставка може да се прочита во делот 3.1. "Методолошки промени со одраз во тековната сметка"

Салдото на тековната сметка („суфицит / дефицит"), се пресметува како разлика помеѓу „кредит" и „дебит" ставките, додека салдото на финансиската сметка ("нето кредитирање / нето задолжување") се пресметува како разлика помеѓу „нето стекнување средства" и „нето создавање обврски".

## 3. Методолошки промени

Основната методолошка рамка останува непроменета, но сепак треба да се обрне внимание на неколку значајни методолошки промени. Овде пред è се мисли на воведување на принципот на "економска сопственост" кој што претставува основа за одредување на времето на евидентирање на трансакциите во стоки, непроизводствените нефинансиски средства и финансиските средства, на пресметковна основа. Имено, според принципот на "економска сопственост[7]", промена во сопственоста од економска гледна точка

[7] Во практиката, економската сопственост и правната сопственост може, но не мора да се поклопуваат.

значи моментот во кој се пренесуваат сите ризици, придобивки[8], права и обврски од сопственоста.

Натаму, се воведуваат нови видови финансиски средства и обврски како на пр. „алокација на специјалните права на влечење" како обврска на централната банка, "шемите за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции" и сл.

Важни промени се направени и во начинот на разграничување на финансиските текови на трансакции и останати промени. Како "трансакции" коишто ќе се прикажуваат во рамки на ПБ се подразбираат исклучиво трансакции помеѓу резиденти и нерезиденти, коишто настануваат врз основа на заеднички договор и вклучуваат размена на вредност или трансфер. "Останати промени (ревалоризации и други промени во обемот)" претставуваат промени коишто не се трансакции, а делуваат на состојбите на стекнатите средства / создадените обврски и се прикажуваат во рамки на МИП. Дел од трансакциите досега опфатени во ПБ согласно БПМ5, како што е размената на странски финансиски средства помеѓу резиденти и размената на домашни финансиски средства помеѓу нерезиденти, повеќе нема да се прикажуваат во ПБ, туку во МИП како останати промени кои делуваат на состојбите на финансиските средства и обврски. На сличен начин, досегашните "мигрантски трансфери" кои настануваат поради промена на статусот резидент / нерезидент и обратно, повеќе нема да се прикажуваат како трансакции, туку како останата промена, во рамките на МИП. Обратно, доходот кој им припаѓа на сопствениците на удели во инвестициски фондови во еден дел се состои и од реинвестирана добивка, која ќе се прикажува како трансакција, наместо како досега во останатите промени во МИП.

## 3.1.Методолошки промени со одраз во тековната сметка

Во тековната сметка најголема промена од примената на БПМ6 ќе има кај компонентите „стоки и услуги". Услугите за доработка на стоки во сопственост на нерезиденти според БПМ5 беа класифицирани во компонентата стоки, врз основа на "претпоставен (импутиран)" пренос на сопственост. Овие импутирани трансакции на бруто основа беа прикажувани во ставката "стоки за доработка" во компонентата стоки. Спротивно, според БПМ6 се смета дека при доработките нема пренос на сопственост, поради што единствено надоместокот за услугата извршена како доработка се вклучува во "производни услуги за доработка на стоки во туѓа сопственост", во рамки на компонентата услуги. Согласно новите конвенции, размена на стоки се евидентира единствено во случај на промена на економската сопственост врз стоките помеѓу резиденти и нерезиденти. За економиите, како македонската, кадешто овие трансакции се јавуваат во значителен обем, ваквата промена ќе предизвика намалување на увозот и извозот на стоки на бруто основа, а ќе се зголеми извозот и увозот на услуги. Сепак, се очекува нето ефектот врз тековната сметка да биде незначителен.

По истиот основ, т.е. со примената на принципот на економска сопственост, посредувањето во трговијата со стоки согласно БПМ6 треба да се класифицира како трансакција со стоки, притоа ќе биде евидентирано во рамки на компонентата стоки. Досега, според БПМ5, посредувањето во трговијата беше класифицирано како "посредување во трговијата и други поврзани услуги" во компонентата услуги. Во случаите кога овие стоки беа задржувани како залихи

[8] Придобивките од едно средство вообичаено подразбираат право на употреба, изнајмување или користење на приходите, како и право на продажба на истото.

од еден во друг пресметковен период, купувањето на стоки во процесот на посредување беше вклучено во увозот на стоки, а потоа по продажбата на стоките истиот износ беше евидентиран како намалување на увозот (негативен увоз). Разликата помеѓу куповната и продажната вредност се внесуваше како извоз на услуги за посредување. Според БПМ6 посредувањето во трговијата треба да се класифицира во компонентата стоки, така што купувањето на стоките се класифицира како негативен извоз на стоки во земјата на посредникот, а продажбата на стоките како позитивен извоз на стоки, при што разликата помеѓу продажната и куповната вредност се евидентира во извозот на стоки како "нето извоз на стоки од посредување".

Дополнително, во рамки на тековната сметка, ќе има промена во начинот на прикажување на финансиските услуги кои се мерат индиректно (ФИСИМ). Во врска со ова, познато е дека финансиските друштва дел од своите услуги ги наплаќаат индиректно т.е. дека дел од каматата која ја наплаќаат вклучува и други трошоци кои се пресметуваат со ФИСИМ. Според БПМ5, ФИСИМ услугите беа прикажувани заедно со останатите финансиски услуги. Според БПМ6, сега овие услуги (како трошоци пресметани за кредитите и депозитите) треба да се прикажуваат одделно.

Во делот на услугите за осигурување и пензии, БПМ6 дефинира пософистицирана методологија за прибирање, пресметување и прикажување на овие податоци, а од аспект на класифицирањето, промените ќе се одразат на повеќе ставки во тековната сметка. Помалку значајни методолошки промени се предвидени и кај класификацијата на услугите за поправки, кои претходно беа опфатени во рамки на компонентата стоки, а сега се дел од компонентата услуги, како и прекласификацијата на поштенските услуги од телекомуникациските услуги, како посебна ставка во рамки на услугите за транспорт.

Кај компонентата примарен доход, освен погоре наведената промена на називот, која е поврзана со потребата за усогласување со системот на национални сметки, како позначајни може да се издвојат следните промени: 1) воведување на концептот на "супер дивиденди" т.е. вонредно високи исплати на дивиденди на сопствениците, кои произлегуваат од акумулирање на резерви и треба да се третираат како повлекување на капитал, наместо како распределба на добивка; 2) времето на евидентирање на дивидендите во т.н. момент на стекнување на правото на дивиденда ("ex-dividend date"), наместо во моментот на исплаќање; 3) евидентирањето на каматата на СДР на бруто основа; и 4) прикажувањето на доходот кај вложувањата во удели во инвестициски фондови како збир на дивидендите и реинвестираната добивка.

Кај компонентата „секундарен доход", освен горенаведената промена на називот, која е поврзана со потребата за усогласување со системот на национални сметки, како позначајна може да се издвои промената од воведувањето на терминот "лични трансфери", кој е поширок од постојниот термин „дознаки од вработени", бидејќи ги опфаќа сите трансфери во пари или стока помеѓу резидентни и нерезидентни домаќинства, без оглед на изворот на приходите или поврзаноста меѓу домаќинствата.

## 3.2.Методолошки промени со одраз во капиталната сметка

Главните промени кај капиталната сметка се однесуваат на промената на третманот на мигрантските трансфери. Тие повеќе не се третираат како

трансакција, туку како дел од останатите промени на вредноста на средствата и обврските, бидејќи причина за промената не претставува промена на сопственоста на средствата, туку промена на статусот резидент/нерезидент.

## 3.3.Методолошки промени со одраз во финансиската сметка

Иако промените во прикажувањето на СДИ на бруто основа ќе имаат влијание од аспект на износите на средствата и обврските, нема да имаат ефект врз нето износот на СДИ во националната економија. Понатаму, значајна промена претставува и потребата од постојните износи на СДИ да се исклучат износите на меѓукомпанискиот долг на поврзаните финансиски друштва, што согласно БПМ5 важеше само за банките, а согласно БПМ6 се однесува и на останатите финансиски институции (со исклучок на пензиските фондови и осигурителните друштва). Согласно новите стандарди, овој меѓукомпаниски долг ќе се прикажува во соодветниот финансиски инструмент (претежно заеми). Притоа, одделно ќе се прикажуваат и трансакциите на повратно инвестирање т.е. инвестирање во капиталот на директниот инвеститор со учество од под 10%. Одделно ќе се прикажуваат и капиталните трансакции и меѓукомпанискиот долг со хоризонтално поврзаните субјекти, пришто под хоризонтално поврзани субјекти се подразбираат нерезиденти контролирани или основани од ист директен или индиректен инвеститор во синџирот на поврзаност, но со кои нема капитална поврзаност од над 10%.

Значајна методолошка промена претставува и начинот на прикажување на достасаните неплатени обврски (ДНО) кои досега беа издвојувани како краткорочни обврски во рамки на категоријата „Останати обврски", а согласно БПМ6 во НД и МИП ќе се прикажуваат во рамки на оригиналниот инструмент од којшто потекнуваат.

## 3.4.Општи ефекти од методолошките промени

Генерално, се очекува нето ефектот од методолошките промени врз главните агрегати во ПБ да биде минимален. Кај МИП не се очекува промена во нето инвестициската позиција, но ќе има промена во агрегатите "средства и обврски". Имено, значајната промена во ПБ која ќе се случи кај компонентите стоки и услуги, нема да предизвика значајно влијание врз салдото на тековната сметка. Кај капиталната сметка ќе влијае исклучувањето на мигрантските трансфери. Значајни промени, поради воведувањето на новите финансиски инструменти, не се очекуваат ни во салдото на финансиската сметка, особено имајќи предвид дека во Република Македонија овие инструменти речиси и воопшто не се застапени. Промените пак во начинот на прикажување на СДИ нема да имаат значаен ефект врз ПБ на нето основа, додека во МИП ќе делуваат во насока на зголемување на износите на средствата и обврските на бруто, но не и на нето основа.

# 4.Исклучоци во примената на препораките на БПМ6

4.1.Со цел усогласување со практиките на земјите членки на ЕУ, Република Македонија ќе отстапи од примената на принципот на исклучување на размената на странски финансиски средства помеѓу резидентите и домашни финансиски средства помеѓу нерезидентите, кај инструментот "Валути и депозити" од ПБ и нивно прикажување во МИП. Со тоа, во нашите статистички

известувања размената на странски валути и депозити помеѓу резидентите и домашни валути и депозити помеѓу нерезидентите и натаму ќе се прикажуваат како трансакции во ПБ.

4.2.Поради минималното значење на определени финансиски инструменти (на пр. шемите за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, опциите на вработените за купување акции и сл.), како и заради фактот дека одредени финансиски инструменти во услови на нецелосна девизна либерализација на македонската економија не се појавуваат во трансакциите со нерезиденти, нивната примена во статистичките известувања засега е одложена.

4.3.Според БПМ6, се дозволува отстапување од препорачаниот метод на примена на пазарни цени во вреднувањето на состојбите на одредени видови финансиските средства и обврски. Имено, кај состојбите на средствата и обврските по СДИ, во делот на сопственичкиот капитал, за некотираните акции и останатиот капитал, за коишто нема расположливи пазарни цени, се препорачува проценка на т.н. „објективна вредност на средството / обврската". Во БПМ6 постојат повеќе препорачани начини на проценка на објективната вредност. Во случајот на Република Македонија, како и досега, вреднувањето на сите СДИ на страната на средствата и обврските, и за котиран и за некотиран сопственички капитал, ќе се врши со примена на методот на "сметководствена вредност", како еден од препорачаните методи за проценка на објективната вредност.

4.4.Во врска со инвестициските фондови, БПМ6 препорачува да се идентификува нивната улога на директен инвеститор или претпријатие во кое се инвестира. Инвестициски фонд може да се појави во рамки на СДИ, доколку како инвеститор вложи во капиталот на друг инвестициски фонд над 10% и/или обратно. Во праксата ваквите случаи се многу ретки и статистички незначителни, а со оглед на тоа дека може да се предизвика меѓународна неконзистентност, од практични причини е одлучено овој концепт да не се применува во ЕУ. Од слични причини, како и од аспект на тоа дека примената на концептот наметнува и прилагодувања во изворите на податоци, истиот нема да се применува ниту во Република Македонија.

## 5. Дисеминација и начин на објавување на податоците

Објавувањето на стандардната презентација на платниот биланс, МИП и надворешниот долг се планира за крајот на јуни 2014 година.
Притоа, во моментот на премин кон БПМ6 ќе биде расположлива и временска серија на податоците за платниот биланс во евра за периодот од 2003 година наваму, а за податоците во САД долари за периодот од 1998 година наваму. Временската серија заклучно со 2009 година ќе биде изготвена врз основа на матрицата за автоматска конверзија на податоците од БПМ5 во БПМ6 на ММФ, а за одредени ставки од платниот биланс кадешто постои расположливост на одредени подетални податоци, ќе се изврши ревидирање согласно препораките на БПМ6.

Во моментот на објавување на платниот биланс според БПМ6 ќе се напушти стариот начин на прикажување на податоците според БПМ5. Месечни податоци за платниот биланс во евра според БПМ5 ќе се објавуваат до октомври 2014 година. Сепак, постојните временски серии на податоци според БПМ5 ќе останат достапни за корисниците на интернет страницата на Народната банка.

Со оглед на потребата на корисниците за следење на директните инвестиции според принципот на насока на инвестициите (согласно препораките на БПМ5), Народната банка планира да продолжи со изготвување на овие податоци, покрај нивното изготвување според принципот средства/обврски препорачан во БПМ6.

За подетални информации во врска со примената на БПМ6 стандардот, Ве молиме да се обратите на нашата адреса: contact.statistika@nbrm.mk

## II. Ефекти од примената на новите меѓународни стандарди во платниот биланс, МИП и НД на Република Македонија

### 1. Ефекти од примената на новите стандарди во платниот биланс

Со воведувањето на новите стандарди, во главните компоненти на ПБ не настануваат позначајни промени. Имено, салдото на тековната сметка во 2013 година се менува за минимални 0,7 милиони евра, додека за 2012 година нема промена на салдото. Исто така, нема позначајни промени ниту кај салдото на капиталната и финансиската сметка, освен промените кои произлегуваат од променет опфат на поодделните категории. Усогласеноста на направените промени се одразува преку минималниот ефект и кај грешките и пропустите (разлика од 1,5 и 0,1 милиони евра, соодветно, во 2013 и 2012 година).

Табела бр. 3 Ефекти од примената на БПМ6 во платниот биланс

| БПМ5 | 2012 | 2013 | БПМ6 | 2012 | 2013 | Разлика 2012 | Разлика 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Тековна сметка** | **-225.7** | **-146.6** | **I. Тековна сметка** | **-225.7** | **-147.2** | 0.0 | -0.7 |
| **СТОКИ, нето** | **-1,756.6** | **-1,584.4** | **Стоки** | **-2,008.1** | **-1,858.5** | -251.5 | -274.1 |
| Извоз, ф.о.б | 3,106.9 | 3,206.3 | Извоз, ф.о.б | 2,303.9 | 2,383.2 | -803.0 | -823.1 |
| Увоз, ф.о.б | -4,863.5 | -4,790.7 | Увоз, ф.о.б | 4,312.0 | 4,241.6 | 551.5 | 549.1 |
| **УСЛУГИ, нето** | **46.1** | **77.8** | **Услуги** | **307.8** | **362.9** | 261.7 | 285.1 |
| Прилив | 818.9 | 873.7 | Прилив | 1,064.7 | 1,141.9 | 245.8 | 268.2 |
| Одлив | -772.8 | -796.0 | Одлив | 756.9 | 779.0 | 15.9 | 16.9 |
| **ДОХОД, нето** | **-147.7** | **-182.0** | **Примарен доход** | **-147.6** | **-182.4** | 0.1 | -0.4 |
| Прилив | 162.7 | 151.3 | Прилив | 162.9 | 151.1 | 0.2 | -0.2 |
| Одлив | -310.4 | -333.3 | Одлив | 310.5 | 333.5 | -0.1 | -0.2 |
| **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ, нето** | **1,632.5** | **1,542.1** | **Секундарен доход** | **1,622.1** | **1,530.7** | -10.3 | -11.3 |
| Прилив | 1,687.7 | 1,615.7 | Прилив | 1,694.0 | 1,622.1 | 6.4 | 6.4 |
| Одлив | -55.2 | -73.6 | Одлив | 71.9 | 91.3 | -16.7 | -17.7 |
| **II. Капитална и финансиска сметка** | **207.9** | **118.9** | | | | | |
| **КАПИТАЛНА СМЕТКА, нето** | **20.0** | **17.9** | **II. Капитална сметка** | **9.0** | **9.0** | -11.0 | -8.9 |
| Прилив | 34.7 | 35.6 | Прилив | 9.6 | 9.3 | -25.1 | -26.3 |
| Одлив | -14.6 | -17.7 | Одлив | 0.6 | 0.2 | 14.1 | 17.4 |
| **ФИНАНСИСКА СМЕТКА, нето** | **187.8** | **101.0** | **III. Финансиска сметка** | **-198.9** | **-112.1** | 11.1 | 11.1 |
| **Директни инвестиции, нето** | **78.1** | **252.7** | **Директни инвестиции** | **-117.3** | **-280.9** | 39.2 | 28.3 |
| **Директни инвестиции во странство** | **6.0** | **1.2** | Нето-стекнување средства | 143.7 | 29.5 | -149.7 | -30.7 |
| **Директни инвестиции во земјата** | **72.0** | **251.5** | Нето-создавање обврски | 261.0 | 310.4 | 188.9 | 58.9 |
| **Портфолио-инвестиции, нето** | **77.3** | **-159.3** | **Портфолио инвестиции** | **-77.3** | **159.3** | 0.0 | 0.0 |
| Средства | **-7.3** | **-33.0** | Нето-стекнување средства | 7.3 | 33.0 | 0.0 | 0.0 |
| Обврски | **84.6** | **-126.3** | Нето-создавање обврски | 84.6 | -126.3 | 0.0 | 0.0 |
| **Финансиски деривативи** | | | **Финансиски деривати (освен резерви) и опции на вработените за купување на акции** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Останати инвестиции, нето** | **174.8** | **-36.3** | **Останати инвестиции** | **-146.7** | **53.5** | -28.2 | -17.2 |
| Средства | **-100.1** | **-75.3** | **Останат сопственички капитал** | **-0.2** | **0.0** | -0.2 | 0.0 |
| Трговски кредити | **0.0** | **0.0** | Нето-стекнување средства | -0.2 | 0.0 | -0.2 | 0.0 |
| Заеми | **80.2** | **148.6** | Нето-создавање обврски | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Валути и депозити | **-180.7** | **-224.1** | **Валути и депозити** | **103.5** | **245.0** | 11.0 | 8.9 |
| Останати средства | **0.4** | **0.2** | Нето-стекнување средства | 169.7 | 215.2 | 11.0 | 8.9 |
| Обврски | **274.9** | **39.0** | Нето-создавање обврски | 66.2 | -29.8 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити | **169.5** | **-126.2** | **Заеми** | **-90.9** | **-320.1** | 6.1 | -21.8 |
| Заеми | **4.7** | **193.3** | Нето-стекнување средства | -75.6 | -147.4 | -4.6 | -1.2 |
| Валути и депозити | **66.2** | **-29.8** | Нето-создавање обврски | 15.3 | 172.7 | 10.7 | -20.6 |
| Останати обврски | **34.6** | **1.6** | **Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| | | | Нето-стекнување средства | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | Нето-создавање обврски | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| | | | **Трговски кредити и аванси** | **-158.9** | **128.8** | -10.7 | -2.6 |
| | | | **Останати сметки за наплата/плаќање** | **0.0** | **-0.2** | -34.6 | -1.8 |
| | | | **Специјални права на влечење (Нето-создавање обврски)** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Бруто официјални резерви, ( - = зголему** | **-142.3** | **44.0** | **Официјални девизни резерви** | **142.3** | **-44.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Грешки и пропусти** | **17.8** | **27.6** | **Нето-грешки и пропусти** | **17.7** | **26.1** | -0.1 | -1.5 |

Позначајни промени се јавуваат кај одделните категории и ставки во рамки на платниот биланс. Промените кај стоките и услугите во тековната сметка произлегуваат главно од прекласифицирањето на категоријата стоки за

доработка, коишто согласно БПМ6 добиваат третман на услуги, како и од прекласификацијата на услугите за посредување кои, обратно, преминуваат во стоковната компонента. Врз основа на примената на БПМ6, просечниот нето ефект за 2012-2013 година е 3,5 п.п. од БДП зголемен дефицит во размената на стоки, наспроти соодветно зголемен суфицит во размената на услуги.

Во рамки на финансиската сметка, најзначајната промена се забележува кај директните инвестиции, од три причини:

1. Промена во опфат, заради потребата дел од трансакциите поврзани со меѓукомпаниските обврски / побарувања на капитално поврзаните останати финансиски институции (со исклучок на пензиските фондови и осигурителните друштва) да се прекласифицираат во соодветниот финансиски инструмент (претежно заеми);

2. Промената во начинот на прикажување на СДИ, пришто наместо досегашниот "принцип на насока" на инвестицијата, е применет принципот на прикажување на бруто основа, како "средства" и "обврски". Со оваа промена, во обврски се класифицираат сите обврски кон инвеститорот, по сопственички или должнички инструменти (во ставката „должнички инструменти" нема повеќе да се нетираат побарувањата и обврските кон инвеститорите, како што беше случај според БПМ5). Значајно е да се нагласи дека овие промени во начинот на прикажување нема да влијаат на нето СДИ;

Табела бр. 4 Ефекти од примената на БПМ6 врз движењата на директните инвестиции

| БПМ5 | | БПМ6 | |
|---|---|---|---|
| | **2013** | | **2013** |
| **Директни инвестиции, нето** | **252.7** | **Директни инвестиции** | **-280.9** |
| **Директни инвестиции во странство** | **1.2** | **Нето-стекнување средства** | **29.5** |
| Акционерски капитал | 1.2 | Сопственички капитал, освен реинвестираната добивка | -1.2 |
| | | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира | -1.2 |
| | | Вложување на претпријатието со директна инвестиција во капиталот на директниот инвеститор (повратно инвестирање) | 0.0 |
| | | Вложување помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија | 0.0 |
| Реинвестирана добивка | 0.0 | Реинвестирање на добивка | 0.0 |
| Друг капитал | 0.0 | Должнички инструменти | 30.7 |
| | | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира | 1.0 |
| | | Вложување на претпријатието со директна инвестиција кај директниот инвеститор (повратно инвестирање) | 29.6 |
| | | Вложување помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија | 0.0 |
| **Директни инвестиции во земјата** | **251.5** | **Нето-создавање обврски** | **310.4** |
| Акционерски капитал | 40.7 | Сопственички капитал, освен реинвестираната добивка | 52.1 |
| | | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира | 52.1 |
| | | Вложување на претпријатието со директна инвестиција во капиталот на директниот инвеститор (повратно инвестирање) | 0.0 |
| | | Вложување помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија | 0.0 |
| Реинвестирана добивка | 106.8 | Реинвестирање на добивка | 106.8 |
| Друг капитал | 104.0 | Должнички инструменти | 151.5 |
| Побарувања | -31.2 | Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира | 139.5 |
| Обврски | 135.2 | Вложување на претпријатието со директна инвестиција кај директниот инвеститор (повратно инвестирање) | 12.0 |
| | | Вложување помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија | 0.0 |
| | | **Останати инвестиции** | |
| | | **Заеми** | -320.1 |

3. Промена во опфат, заради промената во третманот на одредени текови (од „останати промени" во МИП, во „трансакции" во ПБ, и обратно). Пример за ваквите поместувања е можноста за претворањето на меѓукомпанискиот долг во капитал, согласно измените во законски прописи од 2013 година,што според БПМ6 има третман на трансакција (според БПМ5 имаше третман на останата промена). Овие промени, исто така, нема да влијаат на нето СДИ;

Дополнително, позначајна промена од аспект на прекласификацијата, е видлива кај третманот на достасаните неплатени обврски / ненаплатени

побарувања по основ на заеми и долгорочни трговски кредити, кои согласно БПМ5 беа дел од ставката „Останати обврски, а согласно БПМ6 акумулирањето на достасани неплатени обврски веќе нема да се прикажува.

## 2.Ефекти од примената на новите стандарди во меѓународната инвестициска позиција

Со воведувањето на новите стандарди не настануваат позначајни промени на нето МИП. Така, за 2012 година нето МИП останува непроменета, но има прераспределување на одредени износи помеѓу агрегатите „средства" и „обврски". Во 2013 година се појавува мала разлика од 11,5 милиони евра во нето МИП, која произлегува од промена во опфатот на сопственичкиот капитал на страната на обврските, кој го вклучува и делот од меѓукомпанискиот долг кој е претворен во акционерски капитал.

Табела бр. 5 Ефекти од примената на БПМ6 во меѓународната инвестициска позиција

| БПМ5 | Q4-2012 | Q4-2013 | БПМ6 | Q4-2012 | Q4-2013 | Разлика Q4-2012 | Разлика Q4-2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународна инвестициска позиција, нето** | **-4,181.5** | **-4,582.9** | **Меѓународна инвестициска позиција, нето** | **-4,181.5** | **-4,594.3** | 0.0 | -11.5 |
| **Средства** | **3,792.2** | **3,543.6** | **Средства** | **4,253.5** | **4,037.6** | 461.3 | 493.9 |
| **Директни инвестиции во странство** | **72.3** | **74.2** | **Директни инвестиции** | **533.6** | **568.1** | 461.3 | 493.9 |
| Акционерски капитал и реинвестирани добивки | 46.2 | 45.0 | Сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови | **46.2** | **45.0** | 0.0 | 0.0 |
| Останат капитал | 26.1 | 29.1 | Должнички инструменти | **487.4** | **523.1** | 461.3 | 493.9 |
| **Портфолио инвестиции** | **59.1** | **103.7** | **Портфолио инвестиции** | **59.1** | **103.7** | 0.0 | 0.0 |
| **Финансиски деривати** | 0.0 | 0.0 | **Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Останати инвестиции** | **1,467.5** | **1,372.7** | **Останати инвестиции** | **1,467.5** | **1,372.7** | 0.0 | 0.0 |
| **Трговски кредити** | **683.8** | **741.1** | **Останат сопственички капитал** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Заеми** | **217.3** | **66.8** | **Валути и депозити** | **537.0** | **540.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Валути и депозити** | **537.0** | **540.0** | **Заеми** | **246.4** | **91.3** | 29.1 | 24.6 |
| **Останати средства** | **29.4** | **24.9** | **Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Средства на резерви** | **2,193.3** | **1,993.0** | **Трговски кредити и аванси** | **684.1** | **741.4** | 0.3 | 0.3 |
| | | | **Останати сметки за наплата** | **0.0** | **0.0** | -29.4 | -24.9 |
| | | | **Девизни резерви** | **2,193.3** | **1,993.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Обврски** | **7,973.8** | **8,126.5** | **Обврски** | **8,435.1** | **8,631.9** | 461.3 | 505.4 |
| **Директни инвестиции во земјата** | **3,746.4** | **4,012.4** | **Директни инвестиции** | **4,146.8** | **4,469.8** | 400.4 | 457.4 |
| Акционерски капитал и реинвестирани добивки | 3,148.9 | 3,296.3 | Сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови | **3,148.9** | **3,307.8** | 0.0 | 11.5 |
| Останат капитал | 597.5 | 716.1 | Должнички инструменти | **997.9** | **1,162.0** | 400.4 | 445.9 |
| **Портфолио инвестиции** | **408.3** | **266.4** | **Портфолио инвестиции** | **408.3** | **266.4** | 0.0 | 0.0 |
| **Финансиски деривати** | **0.0** | **0.0** | **Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Останати инвестиции** | **3,819.1** | **3,847.6** | **Останати инвестиции** | **3,879.9** | **3,895.6** | 60.9 | 48.0 |
| **Трговски кредити** | **813.2** | **755.6** | **Останат сопственички капитал** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **Заеми** | **2,534.3** | **2,657.3** | **Валути и депозити** | **198.7** | **168.4** | 0.0 | 0.0 |
| **Валути и депозити** | **198.7** | **168.4** | **Заеми** | **2,771.8** | **2,878.0** | 237.6 | 220.7 |
| **Останати обврски** | **272.9** | **266.4** | **Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| | | | **Трговски кредити и аванси** | **832.8** | **776.0** | 19.5 | 20.4 |
| | | | **Останати сметки за плаќање** | **0.0** | **0.0** | -272.9 | -266.4 |
| | | | **Специјални права на влечење (нето-создавање обврски)** | **76.7** | **73.2** | 76.7 | 73.2 |

Притоа, промените главно се забележуваат кај директните инвестиции (види табела 6) и тоа во делот на ставката „должнички инструменти" која соодветствува на поранешната ставка „останат капитал", како и кај категориите „заеми" и „останати сметки за плаќање" кои соодветствуваат на поранешната категорија „останати обврски". Поконкретно, се јавуваат следните промени:

1. Побарувањата од директните инвеститори, кои согласно БПМ5 беа дел од ставката Останат капитал во рамки на инструментот Директни инвестиции во земјата, согласно БПМ6 се распределуваат во рамки на ставката Должнички инструменти кај инструментот Директни инвестиции на страна на средствата. По овој основ во 2012 и 2013 година средствата се зголемени за 443,4 и 467,9 милиони евра, соодветно (види табела 6);

2. Обврските кон претпријатијата кои домашните инвеститори ги поседуваат во странство, кои порано, согласно БПМ5 беа дел од ставката Останат капитал во рамки на инструментот Директни инвестиции во странство, сега, согласно БПМ6, се прераспределуваат во рамки на ставката Должнички инструменти кај

инструментот Директни инвестиции, на страна на обврските. По овој основ, во 2012 и 2013 година обврските се зголемени за 17,9 и 26,1 милиони евра, соодветно (види табела 6);

3. Меѓукомпанискиот долг и побарувањата на останатите финансиски институции (со исклучок на пензиските фондови и осигурителните друштва), кои согласно БПМ5 беа дел од ставката Останат капитал во рамки на инструментот Директни инвестиции, согласно БПМ6 се прераспределуваат во рамки на инструментот заеми, соодветно на страната на средствата или обврските. По овој основ во 2012 и 2013 година прекласифицирање во рамки на обврските за 60,9 и 48 милиони евра, соодветно (види табела 6);

Табела бр. 6 Ефекти од примената на БПМ6 врз состојбите на директни инвестиции

| БПМ5 | Q4-2012 | Q4-2013 |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| **Директни инвестиции во странство** | **72.3** | **74.2** |
| Акционерски капитал и реинвестирани добивки | 46.2 | 45.0 |
| Останат капитал | 26.1 | 29.1 |
| Побарувања од поврзаните претпријатија | 44.0 | 55.2 |
| Обврски кон поврзаните претпријатија (-) | -17.9 | -26.1 |
| **Обврски** | | |
| **Директни инвестиции во земјата** | **3,746.4** | **4,012.4** |
| Акционерски капитал и реинвестирани добивки | 3,148.9 | 3,296.3 |
| Останат капитал | 597.5 | 716.1 |
| Побарувања од директните инвеститори (-) | -443.4 | -467.9 |
| Обврски кон директните инвеститори | 1,040.9 | 1,184.0 |

| БПМ6 | Q4-2012 | Q4-2013 |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| **Директни инвестиции** | **533.6** | **568.1** |
| Сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови | 46.2 | 45.0 |
| Должнички инструменти | 487.4 | 523.1 |
| Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира | 44.0 | 55.2 |
| Вложување на претпријатието со директна инвестиција кај директниот инвеститор (повратно инвестирање) | 443.4 | 467.9 |
| Вложување помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија | 0.0 | 0.0 |
| **Обврски** | | |
| **Директни инвестиции** | **4,146.8** | **4,469.8** |
| Сопственички капитал и акции/удели во инвестициски фондови | 3,148.9 | 3,307.8 |
| Должнички инструменти | 997.9 | 1,162.0 |
| Вложување на директниот инвеститор во претпријатието во кое се инвестира | 980.1 | 1,136.0 |
| Вложување на претпријатието со директна инвестиција кај директниот инвеститор (повратно инвестирање) | 17.9 | 26.1 |
| Вложување помеѓу хоризонтално поврзани претпријатија | 0.0 | 0.0 |
| **Заеми - како резултат на прераспределба** | | |
| Останати финансиски институции | 60.9 | 48.0 |

4. Достасаните неплатени обврски/ненаплатени побарувања по основ на заеми и долгорочни трговски кредити, кои согласно БПМ5 беа дел од ставката Останати средства / Останати обврски, согласно БПМ6 се прераспределуваат во рамки на соодветниот инструмент, т.е. во рамки на инструментите заеми и трговски кредити, и на страната на средствата и на страната на обврските. По овој основ, во 2012 и 2013 година извршено е прекласифицирање, и тоа во рамки на средствата за 29,4 и 24,9 милиони евра, соодветно, а во рамки на обврските за 161,8 и 177,3милиони евра, соодветно;

5. Обврските по основ на алокацијата на СПВ, кои согласно БПМ5 беа дел од ставката Останати обврски, согласно БПМ6 се прикажуваат како посебен нов инструмент на страната на обврските. По овој основ, во 2012 и 2013 година, извршено е прекласифицирање на 76,7 и 73,2 милиони евра, соодветно.

6. Другите останати обврски, од други должнички инструменти, кои согласно БПМ5 се прикажуваа во ставката Останати обврски, согласно БПМ6 се прикажуваат во рамки на ставката Заеми. По овој основ, во 2012 и 2013 година, на страната на обврските во МИП извршено е прекласифицирање на 34,4 и 15,9 милиони евра, соодветно.

## 3. Ефекти од примената на новите стандарди во надворешниот долг

Со воведувањето на новите стандарди не настануваат промени кај состојбата на надворешниот долг. Ова пред се од причина што е потребно да се прикаже

само прераспределување на одредени износи помеѓу одделни финансиски инструменти и институционални сектори.

Меѓукомпанискиот долг (и побарувања) на останатите финансиски институции (со исклучок на пензиските фондови и осигурителните друштва), кои согласно БПМ5 беа дел од ставката Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти, согласно БПМ6 се прераспределуваат во рамки на обврските по инструментите заеми и комерцијални кредити на Останатите сектори, соодветно на потеклото на обврската. По овој основ во 2012 и 2013 година извршено е прекласифицирање на 60,9 и 48 милиони евра, соодветно (види табела 7).

Достасаните неплатени обврски (ненаплатени побарувања) по основ на заеми и долгорочни трговски кредити, кои согласно БПМ5 се прикажуваа одвоено во рамки на ставката Останати краткорочни обврски (Останати средства), согласно БПМ6 се прераспределуваат во рамки на соодветниот инструмент, т.е. во рамки на инструментите заеми и трговски кредити. По овој основ, во 2012 и 2013 година извршено е прекласифицирање за 161,8 и 177,3 милиони евра, соодветно.

Другите останати обврски, од други должнички инструменти, кои согласно БПМ5 се прикажуваа во ставката Останати обврски, согласно БПМ6 се прикажуваат во рамки на ставката Заеми. По овој основ, во НД во 2012 и 2013 година, извршено е прекласифицирање на 34,4 и 15,9 милиони евра, соодветно.

Табела бр. 7 Ефекти од примена на БПМ6 врз надворешниот долг

(во милиони евра)

| БПМ5 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|
| **1. ДРЖАВЕН СЕКТОР** | **1,589.8** | **1,608.9** |
| **1.1 Краткорочни обврски** | **3.6** | **8.3** |
| 1.1.1. Инструменти на пазарот на пари | 0.0 | 0.0 |
| 1.1.2. Заеми | 0.0 | 0.0 |
| 1.1.3. Комерцијални кредити | 0.0 | 0.0 |
| 1.1.4. Останати обврски | 3.6 | 8.3 |
| Достасани неплатени обврски | 3.6 | 8.3 |
| Останато | 0.0 | 0.0 |
| **1.2 Долгорочни обврски** | **1,586.2** | **1,600.6** |
| 1.2.1. Обврзници | 293.8 | 152.4 |
| 1.2.2.Заеми | 1,291.5 | 1,447.6 |
| 1.2.3. Комерцијални кредити | 0.9 | 0.6 |
| 1.2.4. Останати обврски | 0.0 | 0.0 |
| **2. МОНЕТАРНА ВЛАСТ (НБРМ)** | **234.2** | **73.2** |
| **2.1 Краткорочни обврски** | **157.6** | **0.0** |
| 2.1.1. Инструменти на пазарот на пари | 0.0 | 0.0 |
| 2.1.2. Заеми[3)] | 157.6 | 0.0 |
| 2.1.3. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 |
| 2.1.4. Останати обврски | 0.0 | 0.0 |
| Достасани неплатени обврски | 0.0 | 0.0 |
| Останато | 0.0 | 0.0 |
| **2.2 Долгорочни обврски** | **76.7** | **73.2** |
| 2.2.1. Обврзници | 0.0 | 0.0 |
| 2.2.2.Заеми | 0.0 | 0.0 |
| 2.2.2. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 |
| 2.2.4. Останати обврски | 76.7 | 73.2 |
| Од кои СПВ Алокација | 76.7 | 73.2 |
| **3. БАНКАРСКИ СЕКТОР** | **618.8** | **609.3** |
| **3.1 Краткорочни обврски** | **184.8** | **119.5** |
| 3.1.1. Инструменти на пазарот на пари | 0.0 | 0.0 |
| 3.1.2. Заеми | 0.0 | 0.0 |
| 3.1.3. Валути и депозити | 176.9 | 119.0 |
| 3.1.4. Останати обврски | 7.9 | 0.5 |
| Достасани неплатени обврски | 7.9 | 0.5 |
| Останато | 0.0 | 0.0 |
| **3.2 Долгорочни обврски** | **434.0** | **489.8** |
| 3.2.1. Обврзници | 0.0 | 0.0 |
| 3.2.2.Заеми | 412.3 | 440.4 |
| 3.2.3. Валути и депозити | 21.7 | 49.4 |
| 3.2.4. Останати обврски | 0.0 | 0.0 |
| **4. ОСТАНАТИ СЕКТОРИ** | **1,670.0** | **1,708.6** |
| **4.1 Краткорочни обврски** | **989.6** | **940.8** |
| 4.1.1. Инструменти на пазарот на пари | 0.0 | 0.0 |
| 4.1.2. Заеми | 5.1 | 11.1 |
| 4.1.3. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 |
| 4.1.4. Комерцијални кредити | 807.7 | 751.3 |
| 4.1.5. Останати обврски | 176.8 | 178.3 |
| Достасани неплатени обврски | 150.3 | 168.6 |
| Останато | 26.6 | 9.7 |
| **4.2 Долгорочни обврски** | **680.4** | **767.9** |
| 4.2.1. Обврзници | 0.0 | 0.0 |
| 4.2.2. Заеми | 667.8 | 758.1 |
| 4.2.3. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 |
| 4.2.4. Комерцијални кредити | 4.7 | 3.6 |
| 4.2.5. Останати обврски | 7.9 | 6.1 |
| **5. ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ: Заеми меѓу поврзани субјекти** | **1,058.8** | **1,210.0** |
| 5.1. Обврски кон директно инвестирани субјекти | 17.88 | 26.07 |
| Краткорочни обврски | 17.88 | 14.07 |
| Долгорочни обврски | 0.00 | 12.00 |
| 5.2. Обврски кон директните инвеститори | 1,040.94 | 1,183.95 |
| Краткорочни обврски | 376.48 | 486.71 |
| Долгорочни обврски | 664.46 | 697.24 |
| **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | **5,171.67** | **5,210.09** |

(во милиони евра)

| БПМ6 | 2012 | 2013 | Разлики Q4 2012 | Разлики Q4 2013 |
|---|---|---|---|---|
| **1. ДРЖАВА** | **1,589.8** | **1,608.9** | **0.0** | **0.0** |
| **1.1 Краткорочни обврски** | **0.0** | **0.0** | -3.6 | -8.3 |
| 1.1.1. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 1.1.2. Должнички хартии од вредност | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 1.1.3. Заеми | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 1.1.4. Трговски кредити и аванси | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 1.1.5. Останати обврски | 0.0 | 0.0 | -3.6 | -8.3 |
| **1.2 Долгорочни обврски** | **1,589.8** | **1,608.9** | 3.6 | 8.3 |
| 1.2.1. Специјални права на влечење (СПВ Ал | 0.0 | 0.0 | | |
| 1.2.2. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 1.2..3. Должнички хартии од вредност | 293.8 | 152.4 | 0.0 | 0.0 |
| 1.2.4. Заеми | 1,292.9 | 1,453.2 | 1.4 | 5.6 |
| 1.2.5. Трговски кредити и аванси | 3.1 | 3.3 | 2.3 | 2.6 |
| 1.2.6. Останати обврски | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **2. ЦЕНТРАЛНА БАНКА** | **234.2** | **73.2** | **0.0** | **0.0** |
| **2.1 Краткорочни обврски** | **157.6** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| 2.1.1. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 2.1.2. Должнички хартии од вредност | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 2.1.3. Заеми | 157.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 2.1.4. Трговски кредити и аванси | 0.0 | 0.0 | | |
| 2.1.5. Останати обврски | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **2.2 Долгорочни обврски** | **76.7** | **73.2** | 0.0 | 0.0 |
| 2.2.1. Специјални права на влечење (СПВ Ал | 76.7 | 73.2 | 0.0 | 0.0 |
| 2.2.2. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 2.2..3. Должнички хартии од вредност | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 2.2.4. Заеми | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 2.2.5. Трговски кредити и аванси | 0.0 | 0.0 | | |
| 2.2.6. Останати обврски | 0.0 | 0.0 | -76.7 | -73.2 |
| **3. ДЕПОЗИТНИ ИНСИТУЦИИ, освен централна банка** | **618.8** | **609.3** | 0.0 | 0.0 |
| **3.1 Краткорочни обврски** | **176.9** | **119.0** | -7.9 | -0.5 |
| 3.1.1. Валути и депозити | 176.9 | 119.0 | 0.0 | 0.0 |
| 3.1.2. Должнички хартии од вредност | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 3.1.3. Заеми | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 3.1.4. Трговски кредити и аванси | 0.0 | 0.0 | | |
| 3.1.5. Останати обврски | 0.0 | 0.0 | -7.9 | -0.5 |
| **3.2 Долгорочни обврски** | **441.9** | **490.3** | 7.9 | 0.5 |
| 3.2.1. Валути и депозити | 21.7 | 49.4 | 0.0 | 0.0 |
| 3.2.2. Должнички хартии од вредност | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 3.2.3. Заеми | 420.2 | 440.9 | 7.9 | 0.5 |
| 3.2.4. Трговски кредити и аванси | 0.0 | 0.0 | | |
| 3.2.5. Останати обврски | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **4. ОСТАНАТИ СЕКТОРИ** | **1,730.9** | **1,756.6** | 60.9 | 48.0 |
| **4.1 Краткорочни обврски** | **864.2** | **798.4** | -125.4 | -142.4 |
| 4.1.1. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 4.1.2. Должнички хартии од вредност | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 4.1.3. Заеми | 56.5 | 47.0 | 51.4 | 35.9 |
| 4.1.4. Трговски кредити и аванси | 807.7 | 751.3 | 0.0 | 0.0 |
| 4.1.5. Останати обврски | 0.0 | 0.0 | -176.8 | -178.3 |
| **4.2 Долгорочни обврски** | **866.7** | **958.3** | 186.3 | 190.4 |
| 4.2.1. Валути и депозити | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 4.2.2. Должнички хартии од вредност | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| 4.2.3. Заеми | 844.8 | 936.8 | 176.9 | 178.7 |
| 4.2.4. Трговски кредити и аванси | 22.0 | 21.4 | 17.3 | 17.8 |
| 4.2.5. Останати обврски | 0.0 | 0.0 | -7.9 | -6.1 |
| **5. ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ: Заеми меѓу поврзани претпријатија** | **997.9** | **1,162.0** | -60.9 | -48.0 |
| **5.1. Обврски на претпријатија со директни инвестиции кон директни** | **980.1** | **1,136.0** | **-60.9** | **-48.0** |
| **5.1.1. Краткорочни обврски** | **278.9** | **286.0** | -97.6 | -200.7 |
| **5.1.2. Долгорочни обврски** | **701.2** | **850.0** | 36.7 | 152.7 |
| **5.2. Обврски на директни инвеститори кон претпријатија со директни** | **17.9** | **26.1** | 0.0 | 0.0 |
| **5.2.1. Краткорочни обврски** | **16.6** | **12.9** | -1.2 | -1.2 |
| **5.2.2. Долгорочни обврски** | **1.2** | **13.2** | 1.2 | 1.2 |
| **5.3. Обврски кон хоризонтално поврзани претпријатија во рамките на** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **5.3.1. Краткорочни обврски** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **5.3.2. Долгорочни обврски** | **0.0** | **0.0** | 0.0 | 0.0 |
| **БРУТО НАДВОРЕШЕН ДОЛГ** | **5,171.7** | **5,210.1** | 0.0 | 0.0 |